**ЗАПИСНИК**
**од триесеттата (презакажана) седница седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 30.08.2019 година**

На триесеттата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков градоначалник на општината,Лилјана Кичукова вработена во општината,Димитар Дојчинов вработен во општината, Филип Филиповски претседател на Комисијата за проценка на штети, Тони Николов вработен во општината , Мирјана Гелебешева вработена во општината, Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, Весна Ристова директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, Станка Карајанова раководител на оделението за урбанизам, Златко Зумров директор на ЈПКД Комуналец, Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија , Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија , Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци, Марија Костадинова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци, Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија .**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори триесеттата седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од дваесет и деветтата седница одржана на **08.07.2019.**

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави на гласање записникот од дваесет и деветтата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на триесеттата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, за периодот 01.01.2019 -30.06.2019 година – Кумулатив),
2.Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година,

3.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2019 година,
4.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2019 година,
5.Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2020 година,
6.Предлог-Заклучок за усвојување на Елаборатот за утврдување на висината на штетите од елементарна непогода-пожар на колективна станбена зграда на ул."Ристо Чавдаров" во Гевгелија во месец јули 2019 година,
7.Предлог-Одлука за користење грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП,
8.Предлог-Одлука за доделување стипендија на талентирани студенти на Медицинските факултети, жители на општина Гевгелија,
9. Предлог-Одлука за доставување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Гевгелија од сите ризици и опасности,
10. Предлог-Одлука за утврдување на цената на превозот на ученици од средното и основното образование во општинскиот линиски превоз во општина Гевгелија,
11.Предлог-Решение за разрешување и за избор на претседател и членови на на Комисијата за утврдување на предлози за доделување на општинската награда „7-ми Ноември“,
12.Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за Проект Старт-ап бизнис за млади претприемачи и обука за туризам и кетеринг за периодот јули-декември 2019 година,
13.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година.
14.Предлог-Измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година (Иницијатива за изработка на ДУП за дел од блок 17 (дел од 17.1) од Јован Сивов од Гевгелија, Иницијатива за изработка на ДУП за дел од блок 13 од "ПРИМАР ИНВЕСТ ДОО" од Гостивар, Иницијатива за изработка на ДУП од "Здружение на возачи" од Гевгелија, Иницијатива за изработка на ДУП од "Екстра маркет", "Ирена трејд" и "Уни тракинг" од Гевгелија),
15.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Габрово (КП бр.1054/4 КО Габрово), (барател: Марјан Атанасов од Гевгелија),
16. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.195/1 КО Хума), (барател: Милка Аврамова од Гевгелија),

17. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.174/1 КО Хума), (барател: Тања Ичева од Гевгелија),
18. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума), (барател: Мануел Николов од Гевгелија),
19. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.639 КО Конско), (баратели: Микица Петрова од Гевгелија и Драгица Поповска од Скопје),
20. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.695 КО Конско), (барател: Трајчо Н.Ристов од Гевгелија),
21. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Марјан Стојменов од Гевгелија),
22. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Митко Стојменов од Гевгелија),
23.Предлог-Финансиски извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2019г. – 30.03.2019г.
24.Предлог-Финансиски извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.04.2019г. – 30.06.2019г.
25.Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со заловувањето на кучињата скитници во општина Гевгелија за периодот 01.01.2019г. – 30.06.2019г.),
26.Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоснабдувањето во населените места во општина Гевгелија,
27.Предлог-Извештај за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година,
28.Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година,
29.Предлог-Извештај за работата на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година,
30.Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година,
31.Предлог-Извештај за работата на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за учебната 2018/2019 година,
32.Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2019/2020 година,

33.Предлог-Извештај за работата на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2018/2019 година,
34.Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2019/2020 година,
35.Предлог-Извештај за работата на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година,
36.Предлог-Годишна Програма за работа ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.

Како дополнителна точка е доставена:

- Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Зоран Лазаровски член на Совет** –Советничката гупа на ВМР0-ДПМНЕ разгледувајќи ги материјалите за денешната седница предложи неколку предлози како дополнување на дневниот ред и се надеваме дека ќе бидат прифатени.Како прво предлагаме точката под реден број 14 да биде симнета од дневен ред бидејќи со оваа програма се опфаќаат повеќе субјекти па сметаме дека оваа точка треба да биде разделена и како таква да се стави на дневен ред на некоја од наредните седници и бараме во иднина поажурно работење на оделението за урбанизам оклу разгледувањето на инцијативете за промена на планови поднесени од граѓаните . Вториот предлог од советничката група е да се стави на дневен ред нова точка под реден број 38 која гласи "Предлог-Одлука за финансиска поддршка на новозапишаните студенти во учебната 2019/2020 година на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија."По истото оваа барање ќе биде доставен и амандман .

**Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија**-Според законот секој поединец односно приватно лице може да поднесе иницијатива за промена на урбанистички план во оделението на урбанизам.Имаме Комисија за разгледување на тие иницијативи составени од пет члена и таа комисија ја разгледува правната основа на иницијативата и ако одлучи дека е издржана се испраќа до Советот каде што се разгледува на некоја од седниците..Исто така законот утврдува при поднесување на приватна иницијатива трошоците ги сносува приватното лице .Треба да се напомене дека постапката околу донесување на приватна иницијатива за промена на план е иста како и иницијативите за промените на планот поднесени од страна на општина Гевгелија.Најпрво оди на седница на совет се разгледува и од кога ќе биде усвоена од Советот поминува низ осумнаесет институции каде што треба да дадат согласност и потоа преку Министерството за транспорт и врски се доставува до општината и повторно оди на разгледување на седница на Совет.Таа постапка временски е доста долга и

сметам дека е невозможно оваа иницијатива да дојде на разгледување во овој мандат .

**Андон Сарамандов член на Совет –**Одговоривте на повеќе прашања но не одговоривте на главното прашање а тоа е зошто денес во една точка имаме четири барања за измена на урбанистички планови ,зошто се ставени во пакет а не посебно како што било пракса.Што ќе се случи ако денеска членовите на Советот на трите барања гласаат позитивно а за четвртото барање негативно.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет**- Со консулатација и со општинските служби бидејќи се работи за иницијативи за измена на една иста програма а тоа е програмата за донесување на урбанистички планови за мене беше нелогично четири пати на една Седница да носиме измена на една иста програма и од тие причини во интерес на економичноста на работата на советот овие иницијативи беа ставени во пакет на мое барање.Меѓутоа ако сметаат советниците дека некоја иницијатива не треба да помине има форма на поднесување амандмани и на тој начин можно е да се оди со поединечно гласање на секоја од овие иницијативи.

**Андон Сарамандов член на Совет –**Вие како предлагач на дневниот ред за прашањето зошто овие четири барања се ставени заедно не очекував дека одговорот ќе го барате во логиката за економичноста во работата на Советот.Започнуваме денес со една нова неубава пракса ако не се тргне точката од дневен ред и на следната Седница не бидат ставени сите точки оделно.Не навлегуваме дали е во ред или не е во ред измената на урбанистичките планови ,овде се работти за принципите на работата на Советот.

**Зоран Лазаровски член на Совет-**Бидејќи паузата беше свикана на наша иницијатива ние како советничка група остануваме на ставот оваа точка да се иземе од дневен ред и бараме да се гласа по истата и исто така и за другиот предлог бараме да се изјасни Советот.

**Ристо Камов член на Совет-**Сакам да ви сугерирам точките кои се предложени од иницијатива на граѓани конкретно станува збор за иницијативата поднесена од граѓаните на ул. Ристо Чавдаров имаат предлог до Советот но разбрав дека комисијта што треба да заседава воопшто и не е формирана па вие како претседател да се заложите во меѓувреме комисијата да се формира и на следната седница да има таква точка во која ќе расправаме по материјата што ја бара оваа група на граѓани.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави предлогот на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата точката под реден број 14 да се симне од дневен ред и **Советот со 6 гласа "за " ,1 воздржан , 9 против и 3 не гласале не го усвои.**

Претседателот го стави предлогот на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за дополнување на нова точка на дневен ред со наслов "Предлог-Одлука за финансиска поддршка на новозапишаните студенти во учебната

2019/2020 година на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија" и **Советот со 5 гласа "за " ,10 воздржани и 4 не гласале не го усвои.**

Претседателот на Совет го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 12 гласа "за " ,6 против и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, за периодот 01.01.2019 -30.06.2019 година – Кумулатив).**

Претседателот отвори претрес по точката Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, за периодот 01.01.2019 -30.06.2019 година – Кумулатив).

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината,Марија Магдинчева Шопова,Магдалена Делковска,Трајко Арџанлиев,Ристо Камов,Тодор Ристов,Тихомир Ручкоманов,Андон Сарамандов, Томе Кичуков членови на Совет и Сашо Поцков градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, за периодот 01.01.2019 -30.06.2019 година – Кумулатив) и **Советот со 9 гласа "за " ,6 против и 3 воздржани не го усвои.**

Претседателот на Совет предложи точките 2,3 и 4 да се расправаат заедно а да се гласаат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 2. Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 2 ,3 и 4.

Во претресот по овие точки учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината,Димитар Дојчинов вработен во општината,Томе Кичуков член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 15 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 3. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2019 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 15 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2019 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 15 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 5. Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2020 година

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2020 година и **Советот со 11 гласа "за " ,3 против и 1 воздржан ја усвои.**

**Точка 6. Предлог-Заклучок за усвојување на Елаборатот за утврдување на висината на штетите од елементарна непогода-пожар на колективна станбена зграда на ул."Ристо Чавдаров" во Гевгелија во месец јули 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Елаборатот за утврдување на висината на штетите од елементарна непогода-пожар на колективна станбена зграда на ул."Ристо Чавдаров" во Гевгелија во месец јули 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Филип Филиповски претседател на Комисијата за проценка на штети, Ристо Камов,Ангелинка Петкова,Томе Кичуков,Тодор Ристов,Зоран Лазаровски членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Елаборатот за утврдување на висината на штетите од елементарна непогода-пожар на колективна станбена зграда на ул."Ристо Чавдаров" во Гевгелија во месец јули 2019 година и **Советот со 17 гласа "за " го усвои.**

**Точка 7. Предлог-Одлука за користење грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за користење грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП.

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Тони Николов вработен во општината .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за користење грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Одлука за доделување стипендија на талентирани студенти на Медицинските факултети, жители на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за доделување стипендија на талентирани студенти на Медицинските факултети, жители на општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ангелинка Петкова,Магдалена Делковска,Трајко Арџанлиев,Тихомир Ручкоманов членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за доделување стипендија на талентирани студенти на Медицинските факултети, жители на општина Гевгелија и **Советот со 17 гласа "за " и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 9. Предлог-Одлука за доставување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Гевгелија од сите ризици и опасности.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за доставување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Гевгелија од сите ризици и опасности.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Зоран Лазаровски и Ристо Камов членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за доставување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Гевгелија од сите ризици и опасности и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Одлука за утврдување на цената на превозот на ученици од средното и основното образование во општинскиот линиски превоз во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување на цената на превозот на ученици од средното и основното образование во општинскиот линиски превоз во општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Мирјана Гелебешева вработена во општината, Ристо Ѓоргиев,Игор Илков,Тихомир Ручкоманов,Томе Кичуков,Лазар Мешков,Тодор Ристов,Магдалена Делковска,Марија Магдинчева Шопова,Ристо Камов членови на Совет,Сашо Поцков градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на цената на превозот на ученици од средното и основното образование во општинскиот линиски превоз во општина Гевгелија и **Советот со 10 гласа "за " и 6 воздржани ја усвои.**

**Точка 11. Предлог-Решение за разрешување и за избор на претседател и членови на на Комисијата за утврдување на предлози за доделување на општинската награда „7-ми Ноември“.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување и за избор на претседател и членови на на Комисијата за утврдување на предлози за доделување на општинската награда „7-ми Ноември“.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување и за избор на претседател и членови на на Комисијата за утврдување на предлози за доделување на општинската награда „7-ми Ноември“,и **Советот со 15 гласа "за " го усвои** и од членови се разрешуваат лицата Драги Хаџи-Николов,Томе Кичуков,Андон Ќурчиев,Венци Чалков и Елена Семинакова а се именуваат лицата Перо Стојанов за претседател,Елизабета Јаневски,Андон Сарамандов ,Оливера Вегова и Слободан Динов за членови.

**Точка 12. Предлог-Решение за усвојување на финансискиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за Проект Старт-ап бизнис за млади**

**претприемачи и обука за туризам и кетеринг за периодот јули-декември 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на финансискиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за Проект Старт-ап бизнис за млади претприемачи и обука за туризам и кетеринг за периодот јули-декември 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија ,Тихомир Ручкоманов и Марија Магдинчева Шопова членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на финансискиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за Проект Старт-ап бизнис за млади претприемачи и обука за туризам и кетеринг за периодот јули-декември 2019 година и **Советот со 15 гласа "за " го усвои.**

**Точка 13. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Весна Ристова директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 10 гласа "за " ,3 против и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 14. Предлог-Измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година (Иницијатива за изработка на ДУП за дел од блок 17 (дел од 17.1) од Јован Сивов од Гевгелија, Иницијатива за изработка на ДУП за дел од блок 13 од "ПРИМАР ИНВЕСТ ДОО" од Гостивар, Иницијатива за изработка на ДУП од "Здружение на возачи" од Гевгелија, Иницијатива за изработка на ДУП од "Екстра маркет", "Ирена трејд" и "Уни тракинг" од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Измената и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година (Иницијатива за изработка на ДУП за дел од блок 17 (дел од 17.1) од Јован Сивов од Гевгелија, Иницијатива за изработка на ДУП за дел од блок 13 од "ПРИМАР ИНВЕСТ ДОО" од Гостивар, Иницијатива за изработка на ДУП од "Здружение на возачи" од Гевгелија, Иницијатива за изработка на ДУП од "Екстра маркет", "Ирена трејд" и "Уни тракинг" од Гевгелија).

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Станка Карајанова раководител на оделението за урбанизам.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Измената и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година (Иницијатива за

изработка на ДУП за дел од блок 17 (дел од 17.1) од Јован Сивов од Гевгелија, Иницијатива за изработка на ДУП за дел од блок 13 од "ПРИМАР ИНВЕСТ ДОО" од Гостивар, Иницијатива за изработка на ДУП од "Здружение на возачи" од Гевгелија, Иницијатива за изработка на ДУП од "Екстра маркет", "Ирена трејд" и "Уни тракинг" од Гевгелија) и **Советот со 12 гласа "за " и 3 воздржани ја усвои.**

**Ристо Ѓоргиев член на Совет** предлага точките од 15 до точка со реден број 22 да се разгледуваат заеднички а да се гласаат поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 15. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Габрово (КП бр.1054/4 КО Габрово) (барател: Марјан Атанасов од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по точките од 15 до точка со реден број 22.

Во претресот по овие точки учествуваа: **Станка Карајанова раководител на оделението за урбанизам, Марија Магдинчева Шопова член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Габрово (КП бр.1054/4 КО Габрово) (барател: Марјан Атанасов од Гевгелија) и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 16. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.195/1 КО Хума), (барател: Милка Аврамова од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.195/1 КО Хума), (барател: Милка Аврамова од Гевгелија).

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.195/1 КО Хума), (барател: Милка Аврамова од Гевгелија) и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 17. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.174/1 КО Хума), (барател: Тања Ичева од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.174/1 КО Хума), (барател: Тања Ичева од Гевгелија) и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 18. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума), (барател: Мануел Николов од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума), (барател: Мануел Николов од Гевгелија) и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 19. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.639 КО Конско), (баратели: Микица Петрова од Гевгелија и Драгица Поповска од Скопје).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.639 КО Конско), (баратели: Микица Петрова од Гевгелија и Драгица Поповска од Скопје),и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 20. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.695 КО Конско), (барател: Трајчо Н.Ристов од Гевгелија)**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.695 КО Конско), (барател: Трајчо Н.Ристов од Гевгелија) и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 21. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Марјан Стојменов од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Марјан Стојменов од Гевгелија) и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 22. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Митко Стојменов од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Митко Стојменов од Гевгелија).

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Кованец (КП бр.1055 КО Кованец), (барател: Митко Стојменов од Гевгелија) и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

Претседателот на Совет предложи точките 23 и 24 да се расправаат заедно а да се гласаат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 23. Предлог-Финансиски извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2019г. – 30.03.2019г.**

Претседателот отвори претрес по точките 23 и 24.

Во претресот по овие точки учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД Комуналец,Ристо Ѓоргиев,Марија Магдинчева Шопова,Томе Кичуков,Тодор Ристов,Ристо Камов,Тихомир Ручкоманов,Тодор Ристов,Магдалена Делковска членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за

периодот од 01.01.2019г. – 30.03.2019г и **Советот со 9 гласа "за " ,3 против и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 24. Предлог-Финансиски извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.04.2019г. – 30.06.2019г.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.04.2019г. – 30.06.2019г. и **Советот со 9 гласа "за " ,3 против и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 25. Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со заловувањето на кучињата скитници во општина Гевгелија за периодот 01.01.2019г. – 30.06.2019г.).**

Претседателот отвори претрес по Информацијата од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со заловувањето на кучињата скитници во општина Гевгелија за периодот 01.01.2019г. – 30.06.2019г.).

Во претресот по точката учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД Комуналец, Томе Кичуков,Ристо Камов, членови на Совет.**

**Точка 26. Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоснабдувањето во населените места во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоснабдувањето во населените места во општина Гевгелија.

Во претресот по точката учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД Комуналец .**

**Точка 27. Предлог-Извештај за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година

Во претресот по точката учествуваа: **Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година и **Советот со 11 гласа "за " го усвои.**

**Точка 28. Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната Програма за работа ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година

Во претресот по точката учествуваа: **Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната Програма за работа ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година и **Советот со 11 гласа "за " го усвои.**

**Точка 29. Предлог-Извештај за работата на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за работата на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за работата на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година и **Советот со 10 гласа "за " го усвои.**

**Точка 30. Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната Програма за работа ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година

Во претресот по точката учествуваа: **Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната Програма за работа ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година и **Советот со 10 гласа "за " го усвои.**

**Точка 31. Предлог-Извештај за работата на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2018/2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештај за работата на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за учебната 2018/2019 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за работата на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за учебната 2018/2019 година и **Советот со 11 гласа "за " го усвои.**

**Точка 32. Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2019/2020 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2019/2020 година и **Советот со 11 гласа "за " го усвои.**

**Точка 33. Предлог-Извештај за работата на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2018/2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за работата на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2018/2019 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Марија Костадинова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци,Марија Магдинчева Шопова член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за работата на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2018/2019 година и **Советот со 11 гласа "за " го усвои.**

**Точка 34. Предлог-Годишна Програма за работа ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната Програма за работа ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2019/2020 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Марија Костадинова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци.**

**Точка 35. Предлог-Извештај за работата на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за работата на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за работата на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година и **Советот со 13 гласа "за " го усвои.**

**Точка 36. Предлог-Годишна Програма за работа ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната Програма за работа ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната Програма за работа ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година и **Советот со 13 гласа "за " го усвои.**

**Точка 37. Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Тодор Ристов,Ристо Камов и Зоран Лазаровски членови на Совет,Сашо Поцков градоначалник на општината**

**Тодор Ристов член на Совет** образложи дека советничката група на СДСМ заедно со коалицијата достави предлог одлука до советот да се оделат 400 000 денари од буџетот на опшптината за помош на опожарената зграда за реконструкција на покривот од зградата се со цел да им се излезе во пресрет на оштетените граѓани.

**Зоран Лазаровски член на Совет** даде предлог финансиските средства одвоени за исплата на штета на опожарените семејства да се зголемат односно наместо предвидените 400 000 денари да се одобрат 900 000 денари.

**Ристо Камов член на Совет** даде предлог во член 1 од одлуката освен за реконструкција на кровот намената да биде и за економска и правна помош која можат да ја платат станарите ангажирајки адвокат и проценител и во член 3 советот на станари ќе треба да поднесе извештај за потрошените пари до Советот на општината бидејќи ние ја носиме одлуката.

**Зоран Лазаровски член на Совет** го повлече предлогот.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлогот на советникот Ристо Камов во член 1 да се вметне во делот на намената на средствата и економска правна помош и **Советот со 1 гласа "за " ,8 против и 1 воздржан не го усвои.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 12 гласа "за " и 1 воздржан го усвои.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори триесеттата седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**